YU ISSN 0350 - 2821

# дело 74

1-2
1989

ШТИП

УДК 3:82

# ДЕЛО 74

СПИСАНИЕ
ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Основач: Културно-просветна заедница — Штип

Издавач: Друштво за наука и уметност — Штип

Издавачки совет:

Миланчо Успрцов (претседател), Марија Грнева (потпретседател), Ристо Љуботенски, Елица Протугерова, Љупчо Стојменски, Коста Балабанов, Симеон Кожухаров, Елена Патраклиева, Тодор Влахчев, Ѓорѓи Устапетров и Блаже Китанов.

Редакција:

Панче Кировски, Добрила Јовева, Нада Накова, Александар Пецески, Никола Едровски,

Главен и одговорен уредник:
**Блаже Китанов**

Уредник:
**Венко Прилепчански**

Нацрт на корицата
**Петар Наневски**

Год. XVI — број 1—2 јануари — април 1989 година

**РЕГИОНАЛНА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ИСТОЧЕН РЕГИОН**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИТЕ, СТОМАТОЛОЗИТЕ И ФАРМАЦЕВТИТЕ ПРИ РО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР — ШТИП**

*Редакциски одбор**

Д-р Никола Камчев (претседател), прим. д-р Благој Ников (секретар), д-р Богољуб Јовев, д-р Драги Чакалов, Прим. д-р Тодор Гајдарџиски, д-р Милка Камчева, прим. д-р Бојан Николов, д-р Ленче Пуздерлиска, прим д-р Симеон Ѓоргиевски, д-р Ѓорѓи Марков, д-р Мишо Михајловски, д-р Нада Симовска, д-р Ванчо Илински, д-р Станко Ракочевиќ, д-р Славчо Илиев, д-р Трајче Ѓоргиев, д-р Петар Хаџи-Василев, м-р фарм. Илчо Захариев, д-р Нада Алексова, д-р Методи Шеќеринов

*Уредник*
Проф. Венко Прилепчански

---

* Решение на Работничкиот совет при РО Медицински центар Штип бр. 0301—451 од 19. 01. 1989 година.

# РАЗВОЈ НА СТОМАТАЛОШКАТА СЛУЖБА ВО МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР — ШТИП ПРЕКУ СТРАТЕГИЈАТА НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

*Н. Камчев, З. Живков, Б. Ников, П. Хаџи-Василев*

Светската здравствена организација на првото свое Собрание 1948 година, на кое претседавач беше Академик проф. д-р Андре Штампар, наш угледен и ценет лекар, на негов предлог усвои дефиниција за здравјето кое гласи „Здравјето е состојба на потполна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или слабост".

Оваа дефиниција 1978 година во Алма Ата е потврдена во смисла на тоа дека здравјето претставува едно од основните човечки права. Во најновите прокламации и препораки на Светската здравствена организација кажано е доследно: „Здравје на сите до 2000 година".

За реализација на ова потребно е акција не само на нас здравствените работници туку и на социјалните и економските ресурси.

Земајќи го во обзир ваквиот став на Советската здравствена организација, од една страна, и состојбата на здравјето на народот, од друга страна, може да се констатира дека сè уште не сме ги во потполност и до крај достигнале основните прокламациони цели на Светската здравствена организација.

РО Медицински центар — Штип е самостојна самоуправна организација на здружен труд на работниците поврзана со единствен процес на работа, формирана во 1965 година.

Основна дејност на РО Медицински центар — Штип е укажување на примарна, специјалистичко — консулативна и болничка здравствена заштита.

Со цел да се остварат што поповолни резултати во извршувањето на основната и додатна дјеност, како и на заедничките работи и работни задачи во РО Медицински центар — Штип, формирани се 27 РЕ, како основни организациони целини во остварувањето на процесот на трудот.

На 31. 12. 1988 година, Медицинскиот центар броеше вкупно 784 вработени. Од нив здравствени работници и со-

работници со висока стручна спрема изнесуваше 177 или 22,5% (63 лекари специјалисти, 19 лекари на специјализација, 38 лекари по општа медицина, 9 лекари стажанти, 25 стоматолози, од кои 9 стоматолози специјалисти, 12 дипл. фармацевти од кои 1 фармацевт специјалист и 11 здравствени соработници). Бројот на здравствените работници со виша стручна спрема изнесуваше 47 или 5,9% на здравствените работници со средна стручна спрема 306 или 39,0% на здравствени работници со нижа стручна спрема 143 или 18,2% и на административни и технички работници со висока, виша, средна и нижа стручна спрема 111 или 14,1%.

Бројот на болничките кревети во Медицински центар Штип изнесува 549 од кои половината се користат за лекување на населението од Општината Штип.

Со цел да се надминат проблемите во односите помеѓу здравствената дејност и здравјето на населението, Регионалното биро СЗО за Европа, свесен за сè помалата ефективност на постоечките системи и на нив соодветните технологии во здравствената заштита на населението со истовремено уважување на економските ограничувања како и ограничувањата на медицината, а посебно на клиничката медицина, ја предложи следната стратегија за унапредување на здравјето на населението од европските земји до 2000-та година:

1. Унапредување на начинот на живот кој води кон здравје.

2. Смалување на превентибилните состојби — заболувањата.

3. Реориентација на системот на здравствената заштита во смисла на потполна опфатеност на целокупното население.

Со нашата целокупна стручна економска, техничка и организациона поставеност заложбите на РО Медицински центар — Штип сега и во идниот период ќе бидат усмерени кон реализирање на стратегијата на СЗО.

Една од најголемите РЕ во РО Медицински центар — Штип секако е РЕ стоматолошка заштита која по својата поставеност и развој се труди да ги исполни начелата на стратегијата за развој на здравството и СЗО.

Оваа РЕ, во периодот од осабодувањето до денес, бележи еден експанзивен напредок, така што денес прерасна во една современа, високостручна, едукативна, кадровски и просторно опремена РЕ на Медицински центар — Штип која го следи и современото медицинско достигнување од оваа област на медицината и претставува центар за пружање на стоматолошката заштита на населението од Општината и Регионот.

Овој експанзивен развој на РЕ стоматолошка заштита се одвиваше во три правца: кадровски, просторен, и опремување со современа медицинска апаратура. Да напомениме, дека се првите едуцирани кадри забари (пионери на стоматолошката заштита), Штип се здоби во 1952 година со прв стоматолог 1960 година, со прв специјалист од областа на стоматологијата се здоби 1972 година. Денес РЕ стоматолошка заштита со кадровски потенцијал од 9 специјалисти од сите области на стоматологијата од кои еден се здоби со титулата Примариус, 16 општи стоматолози, 3 виши забари, 1 виши забен техничар, 8 забни техничари и 18 медицински сестри, се грижи за оралното здравје, за современа и високо — стручна работа и стоматолошка санација на населението од Општината и пошироко во Регионот.



Работата на оваа РЕ се одвива во 15 современо опремени стоматолошки ординации, 2 хируршки сали, 1 во склопот на оралната хирургија и 1 во склопот на болести на уста, заби и пародонтот. Одделот стоматолошка протетика располага со најсовремено опремена заботехничка лабораторија со визил техника и изосит техника.

Оваа РЕ опремена уште и со фиксна ортодонција со ортопантомограф, со хелиомати, силамати и др. и со современиот начин на работа со пружањето на примарната и секундарната (специјалистичка) здравствена стоматолошка заштита на населението, се грижи за раното откривање, за систематската санација и протетската рехабилитација на оралната патологија на населението од Општината и Регионот.

Одделот за детска и превентивна стоматологија во РЕ стоматолошка заштита со своите 3 специјалисти и 6 општи стоматолози заедно со Одделот за ортопедија на вилици и заби се грижи за раното откривање на кариесот и ортодонските аномалии, како и друга орална патологија кај децата преку организирани систематски прегледи и систематска санација, како и превентивна стоматолошка заштита на откриената орална патологија кај децата.

Оваа година, РЕ стоматолошка заштита, 7-ми Април го дочекува со отворање на уште една стоматолошка ординација во склопот на итна медицинска помош што би значело покачување на здравствениот стандард на населението со обезбедување на стоматолошката заштита во текот на 24 часа.

Овој експланзивен развој на РЕ стоматолошка заштита, како кадровски, просторен, едукативен, придружен со современо и квалитетно работење, со присуство на конгреси и читање на трудови и залагањето на сите 58 вработени, во исполнувањето на зацртаните плански задачи со години наназад, зборува дека оваа РЕ, со своето работење и постигнат висок степен на квалитетна стоматолошка здравствена заштита, може да се брои со својата работа во оние служби во Медицински центар кои го следат реализирањето на стратегиите на СЗО.

# АДРЕСА НА АВТОРИТЕ — ADRESSE DES AUTEURS

Д-р Никола Камчев, трансфузиолог — Директор на РО Медицински центар — Штип, 92000 Штип.

Д-р Зоран Живков, специјалист по социјална медицина на РО Медицински центар — Штип, 92000 Штип.

Прим. д-р Благој Ников, специјалист по болести на уста, заби и пародонтот РО Медицински центар — Штип, 92000 Штип.

Д-р Петар Хаџи—Василев, специјалист по болести на уста, заби и пародонтот РО Медицински центар — Штип, 92000 Штип.